


# СВЕТСКИ ДЕН НА ЗДРАВЈЕТО 2019 – УНИВЕРЗАЛНА ПОКРИЕНОСТ СО ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

**Целта број 1 на СЗО за универзална покриеност со здравствена заштита, подразбира дека сите лица имаат пристап до здравствените услуги кои им се потребни, тогаш кога ним им се потребни, токму во средиштето на заедницата во која живеат, без притоа да искусат финансиски тешкотии.**

Целта број 1 на СЗО, универзална покриеност со здравствена заштита, подразбира да се обезбеди сите лица да можат да имаат пристап до здравствените услуги кои им се ним потребни, тогаш кога ним им се потребни, токму во срцето на заедницата во која живеат, без да искусуваат финансиски тешкотии.

За Светскиот ден на здравјето оваа година, на 7-ми април, СЗО се фокусира на универзалната здравствена покриеност, со цел да им помогне на луѓето подобро да разберат кои услуги и поддршка треба да им е на располагање и каде. СЗО ги повикува лицата кои имаат пристап до квалитетна, финансиски достапна здравствена заштита, да се застапуваат за еднаков пристап до здравствената заштита, насекаде.

СЗО, исто така, ја признава важната улога која здравствените работници можат да ја одиграат помагајќи им на креаторите на здравствените одлуки да препознаат што им е потребно на луѓето во смисла на здравствена заштита, особено на ниво на примарна здравствена заштита. Кампањата за Светскиот ден на здравјето, исто така, претставува можност министрите за здравство и другите владини работници кои носат одлуки да се обврзат да преземат активности за надминување на разликите во универзалната здравствена покриеност во нивните земји, како и да го обелоденат напредокот кој веќе го оствариле.

## Универзална здравствена покриеност – поширока слика

Додека земјите продолжуваат да се борат со реалноста за обезбедување на квалитетна здравствена заштита за нивното население, со ограничени економски ресурси на располагање, веќе стана сé појасно дека политичката волја е клучна за тоа да успее универзалната здравствена покриеност.

Во Европскиот регион на СЗО, настани на повисоко ниво го рефлектираа ова чувство и создадоа поголема политичка посветеност за универзалната здравствена покриеност.

Светскиот ден на здравјето 2019-та се совпаѓа на половина пат помеѓу Глобалната конференција за примарната здравствена заштита одржана во Астана, Казахстан, во октомври 2018-та и Средбата на високо ниво за универзалната здравствена покриеност, што треба да се одржи на Генералното собрание на Обединетите

нации во септември 2019-та. Светскиот ден на здравјето е една од многуте можности за да се комуницира во врска со значењето на еднаквоста во поглед на здравствените услуги, не само за здравјето на поединецот, туку, исто така, и за здравјето на стопанствата и општеството, воопшто.

---

**Април, 2019**

Преземено од: http://www.euro.who.int/

Подготвил: Прим. д-р сци. Весна Спирова